**Изворен научен труд**

**УДК 177.61:1:[113.2**

# ЉУБОВТА И ОМРАЗАТА КАКО КОСМОЛОШКИ ПРИНЦИПИ ВО ФИЛОЗОФИЈАТА НА ЕМПЕДОКЛЕ

**Јасмина Наумоска**
*Институт филозофија,*
*Филозофски факултет, Скопје*

**Клучни зборови**: Љубов, Омраза, Емпедокле, космогонија, макро/микро-космос.

**Резиме:** Низ концептот за Љубовта и Омразата, сфатени како космички сили, сили на атракција и репулзија, Емпедокле го сфаќа космосот како бесконечно пулсирачка Сфера, што циклично варира од целосна состојба на сплотеност до состојба на целосна разделеност. Емпедокле постулира космологија што го раздвојува концептот на сила и концептот за основните градбени единици на светот. Тоа е космогонија што не е дело на Љубовта, имено космогонија што би била резултат на спојување на корените во суреден космос, но и воспоставување на космолошки принципи што ги опфаќаат сите космички манифестации, и на макро и на микро ниво.

Овој текст ќе обработи неколу аспекти на космологијата на Емпедокле, низ концептите на Љубовта и Омразата, со цел не само да ги изнесе специфичните карактеристики на овие два концепта туку да се обиде да ги помири навидум спротивставените предикати што ѝ се придаваат на неговата филозофија. Во таа смисла, ќе ја испита можноста за поврзување на двата филозофски проекта, едниот од „За природата“, изложен низ целосно природонаучен дискурс, а другиот од „Прочистувања“, проткаен со мистички елементи. Исто така, ќе биде дискутирана дебатата за традиционалната двојна космогонија (Панцербитер, Целер, Барнет, Бињоне) и теоријата за едната космогонија (Тенери, фон Арним, Болак, Хелшер, Солмсен). Во овој текст ќе биде испитана и можноста за изедначување на космичкиот и дајмоничкиот циклус, имено тезата дека Љубовта и Омразата, иако самите се ослободени од етички вредносен предзнак носејќи ја функцијата на придвижувачка моќ, сепак имаат етичко значење во рамки на човечкиот микрокосмос.

Не обработувајќи го чувствениот, психолошки, интерперсонален, романтичен поим за љубовта, ниту пак љубовта сфатена во рамки на античките концепти за agape, philia или eros, имено не обработувајќи го во

еротски, морален, религиозен, романтичен контекст, како што и најчесто се зборува на темата „љубов“; концептот на љубовта, во филозофијата на Емпедокле, се проблематизира во еден навидум мошне сув и механички дискурс. Емпедокле, последниот филозоф-поет, ја опеа Љубовта како еден крајно непоетичен концепт.

Уште на почетокот треба да се истакне дека при анализата на овој проблем поаѓаме од една интерпретативна позиција имајќи ја предвид специфичноста на претсократовската филозофија, имено дека секој феномен на реалноста, вклучително и љубовта, мора да биде објаснет во рамки на еден единствен светоглед. Во таа смисла, љубовните земни изблици мора да реферираат на својот подлежечки онтолошки супстрат и соодветно да бидат објаснети. Така, Љубовта (Philotes), а и нејзиниот онтолошки контрапункт – Омразата (Neikos), мора да биде проблематизиран во најширока онтолошка смисла. Во овој специфичен случај, во филозофијата на Емпедокле, љубовните земни епифеномени не само што се објануваат реферирајќи на подлежечките метафизички претпоставки туку како специфични ентитети се земени во основите на овие претпоставки, имено тие не се само интерперсонален туку и космички поврзувач и раздвојувач. Љубовта и Омразата се сфатени како космички сили, сили на атракција и репулзија (многу слично на современите физички сфаќања за атракцијата и репулзијата), меѓу кои постои опозитна тензија. Сето тоа е поставено во една теорија за космосот, сфатен како бесконечно пулсирачка Сфера што циклично варира од целосна состојба на сплотеност до состојба на целосна разделеност.

Првата карактеристика, изведена од текстовите што му се припишуваат на Емпедокле за Љубовта, но истовремено и за Омразата, сфатени како две комплементарни сили, е дека тие *не се интринсични карактеристики на битието*. Мора да се истакне дека Емпедокле постулира космологија што го раздвојува концептот за силите (Љубовта и Омразата) и концептот за основните градбени единици на светот (четирите корени – огнот, воздухот, земјата и водата), имено она што се придвижува и она што придвижува. Иако им се дадени митски имиња и им е даден предзнакот на нешто божествено, затоа што се вечни, сепак корените не се живи. Значи, движечките сили не им се интринсични, иманентни на корените и се сфатени како динамички принцип, а не како формативен.

Оваа дистинкција во интерпретативната традиција, во голема мера, е под влијание на Аристотел кој, кај Емпедокле, се обидува да ги определи материјалната и дејствената причина. Сепак, оваа дистинкција има своја основа и во примарните извори (Емпедокле често ги групира корените наспроти Љубовта и Омразата), но и во релација со претсократовските филозофи (Парменид кој го раздели битието од движењето, односно придвиженото и двигателот, напуштајќи го јонскиот хилозоизам), врз која со цврсти аргументи се изведува оваа дистинкција.

Но каков е тој космички динамизам што го постулира Емпедокле? Космосот поминува низ циклуси во кои прво доминира Љубовта. Собирајќи ги сите корени во единство, тие не само што се привлекуваат туку се соединуваат и се спојуваат меѓусебно. Потоа следува период кога Омразата навлегува во сферата на Љубовта, одделувајќи го секој корен од другите. Меѓу чисто Љубовниот и чисто Мразечкиот период, постојат меѓупериоди во кои се мешаат двете сили, притоа менувајќи го постепено својот интензитет. Од фрагментите, не само раните интерпретатори, туку и подоцнежните, заклучуваат дека логично е циклусот да започне со доминација на Љубовта, со воспоставување на самодоволната, совршена (но не механичка) мешавина на корени – божествена Сфера. По периодот на зенит на единствувањето, Омразата го придвижува космосот, тоа е период на космо и биогенеза. Третиот стадиум е состојба на целосна дезинтеграција на корените, по кој повторно напредува Љубовта. Ниту едниот ниту другиот принцип, не воведува целосна ниту пак трајна доминација. Кај некои интерпретации, амплитудите на апсолутна љубовност и омразеност се само моменти. Во космичкиот простор никогаш не постои апсолутна смрт, било во форма на крајна ентропија или во форма на крајна бесподвижност. Барнет вели дека целиот процес потсетува на срцева систола и дијастола, адаптација на старата идеја за светското дишење (Burnet, 1928: 72). Љубовта и Омразата за светот се како крвта и воздухот за телото – Љубовта ќе се прошири од средината на космосот и ќе ја истурка Омразата на периферијата, исто како што крвта му прави на воздухот. Овие физиолошки аналогии можат често да се најдат во поемите, но и во интерпретациите, што се во целост согласни со карактерот на Емпедокловата мисла.

Втората карактеристика што може да се изведе анализирајќи го концептот на Љубовта е дека Емпедокле воспоставува *космогонија што не е дело на Љубовта*, имено космогонија што би била резултат на спојување на корените во уреден космос. И дополнително, не само што не воспоставува една ваква космогонија туку воспоставува процес на бесконечен след на космичко пресоздавање. Љубовта е сфатена како одмор, „мирување во времињата између“ (Aristotel, 1988: 250b 29), додека корените се во движење само под дејство на Омразата. Во овој аспект може да се забележат големи сличности со Хераклит што се однесуваат на ставот дека само преку борбата на спротивностите може да се создаде овој свет. Корените оживуваат и влегуваат во состојба на егзистенција само преку Омразата. Аристотел вели дека често во поемите кај Емпедокле може да се заклучи дека Љубовта е она што раздвојува, а Омразата она што спојува, имено Омразата при раздвојувањето на корените има тенденција да ги соединува во една маса (огнот и другите), додека Љубовта ги соединува сите заедно (Aristotel, 1971: 985a 23). Гатри укажува дека Љубовта, всушност, претставува атракција меѓу несличности, а Омразата – атракција на сличности (Guthrie, 1969: 156). Атракција меѓу несличноста значи дека Љубовта ги соединува корените во безлично единство, во хомогена маса, без разлика на нивните интринсични квалитети, додека при „мразечкото“ придвижување, корените се разделуваат,

но се разделуваат низ сличности, групирајќи се во квалитативни кластери, најнапред како оган, земја, воздух и вода, а потоа како секое поединечно пројавување на живот. На тој начин, преку Омразата се избегнува Парменидовата апсолутна имобилност и статичност на Едното што се заканува во периодот на сферичната единственост. Меѓутоа, мора да се укаже дека космогонијата не е можна без присуството на Љубовта, иако започнува само со присуство на Омразата. Таа е нужен услов за да биде можно ритмичкото создавање низ спротивностите.

Овој свет постои во период на замавот на Омразата, но дали постои свет што се создава кога Љубовта почнува да доминира, е прашање што, во шеесеттите години на 20 век[1], ја разгорува дискусијата за традиционалната интерпретација за двојната космогонија (Панцербитер, Целер, Барнет, Бињоне[2]) и теоријата за едната космогонија (Тенери, фон Арним, Болак, Хелшер, Солмсен[3]). Дел од фрагментот 17 (17. 3-5) што гласи:

> Раѓање смртните имаат двојно, но двојна и гибел...
> Низ здружување на сите (корени) се раѓа и пропаѓа едно,
> штом пак се разделат тие, создаденото повтур се губи
> (Митевски, 2006: 194-5; Diels, 1983: 286)

и се однесува на описот на двојната космогонија во „За природата“, но и одредени наводи на Аристотел (Аристотел, 2005: 301a и Аристотел, 2007: 334a5-7), се основата врз која се засноваат аргументите против создавањето само во втората фаза на космичкиот циклус. Постојат две симетрични космогонии во еден космички циклус, имено еден при навлегувањето на Омразата, а другиот при повторното воспоставување на нови љубовни космолошки врски. Така постојат два света на смртни нешта во периодот на формирањето од една Сфера до друга. Предизвикувајќи ја традиционалната

---

[1] Прегледна анализа за оваа дискусија можете да најдете кај A. A. Long. 1974. "Empedocles' Cosmic Cycle in the 'Sixties", in *The Pre-Socratics: A Collection of Critical Essays,* edited by Alexander P. D. Mourelatos. Princeton: Princeton University Press, 397-426. Исто така, значајна студија посветена на оваа проблематика е D. O'Brien. 1969. *Empedocles' cosmic cycle: a reconstruction from the fragments and secondary sources*. Cambridge: Cambridge University Press.

[2] Cf. Friedrich Panzerbieter. 1844. *Beiträge zur Kritik und Erklärung des Empedokles*. Meiningen: Gymnasium Bernhardinum; Eduard Zeller. 1920. *Die Philosophie der Griechen*. Vol. I. O. R. Reisland: Leipzig; John Burnet. 1920. *Early Greek Philosophy*. London: A & C Black Ltd.; Ettore Bignone. 1916. *I Poeti filosofi della Grecia. Empedocle, studio critico, traduzione e commento delle testimonianze e dei frammenti*. Torino: Fratelli Bocca.

[3] Cf. Paul Tannery. 1887. "La cosmogonie d'Empédocle." *Revue philosophique de la France et de l'étranger* 24: 285-300; Hans von Arnim. 1902. "Die Weltperioden bei Empedokles", in *Festschrift Theodor Gomperz*. A. Hölder: Vienna; Jean Bollack. 1965. *Empédocle*. Vol. I. Paris: Les Éditions de Minuit; Uvo Hölscher. 1965. "Weltzeiten und Lebenskyklus." *Hermes* 93: 7-33, Friedrich Solmsen. 1965. "Love and Strife in Empedocles' Cosmology." *Phronesis* 10: 109-148.

интерпретација за двојната космогонија, базирајќи се на недоволните описи за втората космогонија, теоријата за едната космогонија (со сите свои подвидови) брзо го придоби академското внимание поради тоа што наоѓа свој интерпретативен корелат во другите концепти на претсократовската космолошка теорија. Сепак, новите Стразбуршки папируси[1], откриени за јавноста во 90-тите години на минатиот век (што ја прави филозофијата на Емпедокле повторно актуелна), даваат поголема предност на старата интерпретација на двојна космологија, иако аргументите што одат во нејзин прилог не се недвосмислени.

Третата карактеристика што ја извлекуваме за природата на Љубовта и Омразата е следнава: *истата космолошка матрица на љубовно-мразечко ритмичко пулсирање функционира како во макрокосмосот така и во микрокосмосот*. Во фр. 17, Емпедокле го прави преминот од бесмртните корени кон смртните форми. Тој тоа сликовито го покажува и во фр. 21:

> Сè што беше, што е и ќе биде, од нив [Љубовта и Омразата, Ј.Н.]
> израсна: дрвја, мажи и жени,
> ѕверој, птици, водохраните риби
> и долговечните бози што почести најмногу имаат...
> (Митевски, 2006: 197; Diels, 1983: 288).

Апостериористичка евиденција за своите заклучоци Емпедокле добива и од неговите испитувања и очигледни интересирања во доменот на биологијата и физиологијата[2]. Бизарните примери на глави без вратови, раце без рамења, очи без чела (фр. 57), го илустрираат функционирање на двете сили во микро контекст. Пропорцијата и соодветната мешавина на корените преку Љубовта и Омразата соодветствува и со основите на античката медицина. Постојат навистина многубројни интерпретативни примери што го концептуализираат космолошкиот и зоогонискиот процес во рамки на биолошките функции. Како пример, Барнет ја дава аналогијата со дишењето и движењето на крвта (Burnet, 1920: 235), Вилфорд – сликата за примордијалниот космос обвиткан во амниотичка мембрана (Wilford, 1968: 109), Џемели Марчано зоогонијата ја опишува како повторувачки механизам на зачнување и развој на ембриони (Gemelli Marciano, 2005: 383), итн. Биолошкиот смртен космос во кој живееме е продукт на тензијата меѓу Љубовта и Омразата во меѓупериодот на нивната доминација. Затоа човекот го нарекува „дајмон“, нешто што е „измеѓу“, божество на пат. Накратко, во сечиј смртен живот, имено, во секој аспект од земското постоење, целата космичка историска драма е имплицитно содржана. Секоја промена на раѓање

[1] A. Martin, O. Primavesi. 1999. *L'Empédocle de Strasbourg*. Berlin and New York: Walter de Gruyter.

[2] Ова негово интересирање ни се потврдува и со фактот дека првото спомнување на името на Емпедокле, во еден антички текст (крајот на 5-тиот или почеток на 4-тиот в.п.н.е), не било во филозофски контекст, туку во медицински, имено во текст од непознат автор, со наслов „За античката медицина“.

и умирање е дел од безвременскиот поголем конфликт меѓу Љубовта и Омразата, тежнеејќи или кон целосното царување на Омразата или кон реализацијата на љубовната Сфера.

Навидум може да се заклучи дека космолошкиот љубовно-мразечки концепт кај Емпедокле е обвиен во една митолошка обвивка, имено, како што забележува Гатри, дека Љубовта и Омразата се само митско име за неперсонална физичка сила што привлекува безживотни тела во форма на магнетизам или гравитација (Guthrie, 1969: 157). Меѓутоа, Љубовта е наречена Афродита, силата што луѓето ја чувствуваат во своите срца, додека, пак, Омразата, или гневот, е сила што предизивикува непријателство. Така, прашањето што ги крши копјата е дали космолошките циклуси важат во сите домени на постоењето, и во механичката и во духовната микрокосмичка сфера, имено дали космолошките природни сили се клучот за разјаснување на етичката животна драма. Со оглед на тоа што Емпедокле зборува и за двата аспекта, се поставува веќе класичното прашање за поврзаноста на двете поеми, имено „За природата“ изложена со целосно природонаучен дискурс и другата, „Прочистувања“, проткаена со мистички елементи. Во секундарната литература, освен теориските аргументи против унифицираното толкување на двете поеми, се даваат и ad hominem аргументи, главно поради ексцентричоста на карактерот на Емпедокле. Така може да се наиде на квалификации со кои Емпедокле се нарекува сатир – дека изведува магии и дека е емоционално нестабилен филозоф. Јегер го нарекува филозофски кентаур (Jaeger, 1946: 295); Расел – мешавина на филозоф, пророк, на човек од науката и шарлатан (Расел, 1998: 70); Ренан, пак, во него гледа карактеристики и од Њутон и од Калиостро (Renan, 1878: 104). Но иако овие сликовити прикази на неговиот карактер се премногу смели, сепак ја илустрираат дискрепанцата што се јавува кај Емпедокле како филозофски автор.

Се чини дека за Емпедокле моралниот и религиозниот поредок е исто толку важен за експликација како и физичкиот и физиолошкиот поредок. Во таа смисла, ја наведуваме четвртата карактеристика на Љубовта и Омразата во филозофијата на Емпедокле, имено дека тие *не се само космогониски сили туку и етички сили на поврзување и раздор*.

> ...ја честат смртни неа [Љубовта, Ј. Н.], срасната со членојте нивни,
> со неа намисли љубовни и дела извршуваат сложни,
> викајќи ја по име Радост или пак Афродита.
>
> (Митевски, 2006: 195; Diels, 1983: 286).

Самиот Аристотел повикува на пошлободно толкување од буквалното читање на поемите, истакнувајќи ја етичката компонентна на ова учење и вели: „ако се продолжи според расудувањето на Емпедокле и ако се земе во неговата смисла, а не во непосредното значење, кое не е ништо друго туку бладање, би се дошло до тоа дека пријателството е причина за доброто, а омразата причина за злото“. (Aristotel, 1971: 985a5-9). Илустрацијата на

зголемувањето на човечката дисхармонија со природата, но и на сопственото морално и телесно пропаѓање во „Прочистувањата“, укажува дека теоријата за физичкиот развој и теоријата за моралното пропаѓање (а оттаму и на теоријата за реинкарнација) се меѓусебно компатибилни. Гатри, Кирк, Рејвен[1], за тоа укажуваат не само содржински туку и лингвистички. Емпедокле експлицитно не дава паралелни описи на космичкиот и дајмоничниот циклус, но поекстензивните описи на космичкиот, совршено ги пополнуваат празнините во описот на душевниот циклус. Златната доба, за која пишува Емпедокле, е парадигмата за човечкото совршено живеење во согласност со Афродита, што човекот (дајмонот) во овој космички период тежнее да го достигне. Обидот за исчистување од злото, од гневот, имено од омразата, во човечката душа, што била вгнездена по златното доба, како во огледало ја пресликува космолошката тенденција на доминација на Љубовта. Омразата е причината за падот од претходната состојба на божествено единство, но само во соработка со Киприда што владеела во добата пред убиствата, кривоклетството и другите причини за разделување од првобитната „златна“ состојба. Стразбуршките папируси ја дополнуваат листата на овие паралели. Вегетаријанството – убивањето на друго живо суштество, значи дека се повторува деструкцијата на божественото едно од Омразата. Тука можат да се вбројат и атракцијата и репулзијата пресликана во однос на сексуалните чинови и смртта, во однос на пријателството и, што е најважно, во однос на концептот за реинкарнација. Освен експлицитното и аподиктичното противење на Бињоне, многумина истражувачи на филозофијата на Емпедокле се согласуваат дека, доколку фр. 134 припаѓа на „Прочистувањата“, а не на „За природата“, тогаш никаков понатамошен доказ не е потребен, за да се каже дека двете поеми припаѓаат на еден ист филозофски проект, особено кога ќе се компарираат со фр. 29 од „За природата“. Описот на божеството во овие фрагменти и во оној на Сферата е несомнено близок. Секако, разложувањето на Сферата од Омразата не е истоветно со падот на човечката душа, но се појавува несомнена паралела меѓу двата процеса. Озборн и Инвуд[2] ја поставуваат и хипотезата за единствено дело што претпоставува дека двата списа се дел од поголемо дело што опфаќало и други списи кои, за жал, не ни се познати.

Ако може да се најдат доволно аргументи (и филолошки и логички) дека и „За природата“ и „Прочистувања“ потекнуваат од еден единствен светоглед како два различни аспекта, тогаш може да се постави паралелизам во сите аспекти на мислата на Емпедокле. Гатри вели дека Емпедокле презентира комбинација од физички и морален дуализам што е уникатен во

---

[1] Cf. W. K. C. Guthrie. 1969. *A History of Greek Philosophy. Vol. II - The Presocratic Tradition from Parmenides to Democritus*. Cambridge: Cambridge University Press; G. S. Kirk, J. E. Raven. 1983. *The Presocratic Philosophers*. Cambridge: Cambridge University Press.

[2] Cf. Catherine Osborne. 1987. "Empedocles Recycled." *The Classical Quarterly* 37, 1: 24-50; Brad Inwood. 2001. *The Poem of Empedocles: A Text and Translation with an Introduction*. Toronto: University of Toronto Press.

историјата (Guthrie, 1969: 157). Секако, тука не станува збор за некаков онтолошко-структурен дуализам, туку за различни нивоа на суштествување во кои истите метафизички ентитети добиваат различна манифестација.

***

Имајќи ја досегашната експозиција предвид, може да се заклучи дека Емпедокловото „глаголење“ за Љубовта се карактеризира со неколку посебности. Она што прво паѓа в очи кога се зборува за Љубовта кај Емпедокле е дека таа секогаш е воспоставена наспроти својот антипод – Омразата. Од нивниот танц се оплотува свет што страсно игра низ пулсирачкиот ритам на љубовно-мразечките односи – особено значајна, нераскинлива релација. Многу подоцна, оваа релација може да се најде во текстовите во кои се опева љубовта како имплицитна, или како експлицитна, инспирација, како на пример, во ренесансата кај Абрабанел, во неговата „Филозофија на љубовта“, или кај Блејк, во „Венчавката на рајот и пеколот“.

Особено значајна дистинкција поради која Емпедокле се разликува од многумина претсократовски автори е тоа што движечките сили, во неговиот случај – Љубовта и Омразата, ги одвојува од корените како конститутивни делови на битието. Откако Парменид го исклучи движењето од битието, Емпедокле ги воведува двигателите како надворешни сили, но тоа, секако, не значи дека воведува механицистички позиции. Љубовта и Омразата не се сили сфатени како нетелесни[1] принципи на промената, туку како значаен дел од космичката уредба. Иако често посебно реферира на четирите корени и двете сили, сепак, како што може да се најде и кај раните интерпретатори (Аристотел, Симпликиј), станува збор за шест први принципи. Во таа смисла, претходно наведениот извадок од фр. 17 не докажува дека силите се идентични на корените во својата телесност, туку дека заземаат истоветен дел во заедничкото космичко постоење. Емпедокле прави дистинкција на сили и корени на ниво на категории, а не и на онтичко ниво.

Тезата дека овој космос не е дело на Љубовта, се изведува како резултат на постулатите што ги дава Емпедокле, а врз основа на кои се одвива космогонијата. Овој свет се создава кога апсолутното владеење на Љубовта ја

---

[1] Сепак, некои автори, често поради непрецизно дефинираниот поим „сила“, тврдат дека телесноста е карактеристика на Љубовта и Омразата. Барнет смета дека концептот за нетелесни сили, сè уште, дотогаш, не е познат (Burnet, 1920: 267), со што влијаел врз широкоприфатеното гледиште дека филозофите до времето на Емпедокле не можат да прифатат постоење што не е телесно. Тој зема дел од фр. 17 („...гибелната Борба, рамна со нив [корените, Ј.Н.], и Љубовта меѓу нив, подеднакво широка и долга“; Митевски, 2006: 195, Diels, 1983: 286) како доказ за ваквото тврдење. Курд, како и пред неа, Рајт и Озборн, ги предизвикува корпореалистичките гледишта, што, како што таа смета, зема поширок интерпретативен ангажман, отколку само оној на Емпедокле. Cf. Patricia Curd. 2013. "Where are Love and Strife? Incorporeality in Empedocles." in *Early Greek Philosophy*. edited by Joe McCoy. Washington D.C.: Catholic University of America Press, 113-139.

губи својата сила, кога Омразата го придвижува статичното Едно. Веројатно, постои слична состојба во соодветната фаза кога Љубовта почнува да преовладува, меѓутоа Емпедокле не обезбедува задоволителен опис на оваа фаза. Каква и да е таа, сепак овој свет е производ на одвојување на мноштвото од Едното, за што сведочат не само историските факти за примордијалните недиференцираности во физиолошка смисла, туку и моралното пропаѓање од примордијалната „златна доба“.

Соодветно на претсократовската тенденција, но и на тенденцијата на Емпедокле да обезбеди теорија што ќе ги објасни целокупните космички процеси преку добро формулирани онтолошки принципи, тој своите филозофски гледишта ги поставува универзално. Во таа смисла, љубовно-мразечката сила дејствува подеднакво како на макрокосмичките така и на микрокосмичките манифестации, во сите фази на различните процеси на растеж и трансформација. Нивното пројавување може да се увиди во сите космички епитоми, иако некогаш поексплицитно од друг пат. Следејќи го ова расудување, се изведува и заклучокот дека Љубовта и Омразата не се само космички динамички принципи туку и познавателни динамички принципи, како и  психички и етички сили на меѓучовечки и имперсонален раздор и зближување. Можното концептуално поврзување на „Прочистувања“ со „За природата“ уште повеќе ќе ја потврди оваа микро-макрокосмичка унитарна структура.

На крај, земајќи предвид еден поширок аспект на „опејување“ на љубовта, стилски, но и содржински, кај Емпедокле може да се издвојат уште неколку специфичности. Своите ставови Емпедокле ги изложува во поетска форма, користи метафори, алегории, митолошки претстави, ја опфаќа и земната и небесната љубов, но ниеднаш не наликува на другите рефлексии за љубовта што секогаш се придружени со доза патетичност, екстатичност, возвишеност, трагичност. Дури ни оние од антиката, како на пример на Хомер, Платон, Сафо, Вергилиј, Катул. Во таа смисла, и покрај тоа што филозофијата на Емпедокле за историчарите на филозофијата е актуелна поради новооткриените папируси, за современата наука, поради нејзината корелација со теоријата за еволуцијата и теоријата за биг-бенг, тој може да биде исклучително актуелен поради начинот на кој зборува за љубовта, особено по озлогласената оценка на Адорно, искажана во врска со поезијата, по Втората светска војна[1]. И навистина, последниот филозоф-поет, ја опеа љубовта како еден крајно непоетичен и непатетичен концепт, сосем во духот на премногу саркастичните 20 и 21 век.

[1] „Варварски е да се пишува поезија по Аушвиц“. Cf. Theodor Adorno. 1955. "An Essay on Cultural Criticism and Society." in *Prisms.* Cambridge MA: MIT Press, 17-34.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Adorno, Theodor. 1955. "An Essay on Cultural Criticism and Society." in *Prisms*. Cambridge MA: MIT Press, 17-34.

Аристотел. 2007. *За создавањето и уништувањето*. Скопје: Профундум.

Аристотел. 2005. *За небото*. Скопје: Аз-Буки.

Aristotel. 1988. *Fizika*. Prev. Tomislav Ladan. Zagreb: Globus.

Aristotel. 1971. *Metafizika*. Prev. Branko B. Gavela. Beograd: BIGZ.

Burnet, John. 1928. *Greek Philosophy. Part I - Thales to Plato*. London: Macmilian and Co.

- - - - - - - -. 1920. *Early Greek Philosophy*. London: A & C Black Ltd.

Curd, Patricia. 2013. "Where are Love and Strife? Incorporeality in Empedocles." in *Early Greek Philosophy*. edited by Joe McCoy. Washington D.C.: Catholic University of America Press, 113-139.

Diels, Hermann. 1983. *Predsokratovci*. Zagreb: Naprijed.

Gemelli Mastriano, Laura. 2005. "Empedocles' zoogony and embriology." in *The Empedoclean Kosmos: Structure, Process and the Question of Cyclicity. Proceedings of the Symposium Philosophiae Antiquae Tertium Myconense July 6th - July 13th, 2003. Part 1: Papers*. edited by Apostolos L. Pierris. Patras: Institute for Philosophical Research, 373-405.

Guthrie, W. K. C. 1969. *A History of Greek Philosophy. Vol. II - The Presocratic Tradition from Parmenides to Democritus*. Cambridge: Cambridge University Press.

Jaeger, Werner. 1946. *Paideia: the Ideals of Greek Culutre. Vol. I - Archaic Greece The Mind of Athens*. Oxford: Basil Blackwell.

Митевски, Витомир. 2006. *Претсократовци*. Скопје: Матица македонска.

Расел, Бертранд. 1998. *Историја западне филозофије*. Прев. Данира Парента. Београд: Народна књига Алфа.

Renan, Ernest. 1878. *Mélanges d'histoire et de voyages*. Paris: Calmann-Lévy.

Wilford, F. A. 1968. "Embryological Analogies in Empedocles' Cosmogony." *Phronesis* 13, 2: 108-118.

**Jasmina Naumoska**

## LOVE AND STRIFE AS COSMOLOGICAL PRINCIPLES IN EMPEDOCLES' PHILOSOPHY

**Keywords:** Love, Strife, Empedocles, cosmogony, macro/microcosmos

**Summary:** Through the concept of Love and Strife, which are defined as cosmological forces, forces of attraction and repulsion, Empedocles understands the cosmos as infinitely pulsing Sphere, which cyclically varies from state of total unity to state of total disunity. Empedocles postulates cosmology that separates the concept of force and the concept of the fundamental constituent parts of the world. That is cosmogony which is not act of Love, namely cosmogony that is not a result of the integration of the elements, but also cosmology

that establishes principles that comprise every cosmic manifestations, both on macro and micro level.

This article will examine several aspects of Empedocles' cosmology through the Love and Strife concept in order not only to give account of the specific characteristics of these two concepts, but also to make an attempt to reconcile the opposed predicates that are prefixed to his philosophy. In that sense, it will examine the possibility of connecting the two distinct philosophical projects, in one hand, of "On Nature" exposed in naturalistic discourse, and on the other, of "Purifications" which is woven with mystical elements. This article will also discuss the debate of the traditional double cosmogony (Panzerbieter, Zeller, Burnet, Bignone) and the theory of one cosmogony (Tanery, von Arnim, Bollack, Hö1scher, Solmsen). Also, will be examined the possibility of identification the cosmic and the daimonic cycle, namely that Love and Strife although are not assigned by themselves with ethically-valued predicate, they play significant role in the microcosmic human ethical relations.